Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 97 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден __.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес за 2026 година**

1. По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес за 2026 година со бр. 25-2397/38 од 22.04.2025 („Службен гласник на Општина Велес” бр.5/25), направена е техничка грешка во точка 1 и текстот: „04-287/2 од 08.04.2025 година“ се заменува со текстот: „04-287/1 од 27.03.2025 година“.
2. Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.
3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес, на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година донесе Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес за 2026 година со бр. 25-2397/38 од 22.04.2025 („Службен гласник на Општина Велес” бр.5/25).

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес за 2026 година, направена е техничка грешка во точка 1 и текстот „04-287/2 од 08.04.2025 година“ се заменува со текстот „04-287/1 од 27.03.2025 година“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.